Врз основа на член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, како и во согласност со членот 144 од Статутот на Универзитетот во Тетово, се објавува

# К О Н К У Р С

за избор на наставници во сите наставно-научни звања и за избор на соработници на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања и за избор на соработници на Универзитет во Тетово:

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**Студиска програма Германски јазик и книжевност**

1. Еден наставник за предметите:
   - Методика на германски јазик
   - Вовед во германска јазичност
   - Историја на германофонски земји.

**ФАКУЛТЕТ НА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

1. Еден наставник за наставните предмети од областа на детска стоматологија и превентивна стоматологија.

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден асистент за наставните предмети од областа на педагогија.

**Услови за наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор:**

• одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
• диплома за научното звање доктор по науки од научната област во која се избира;
• кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
• список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
• кратка биографија (CV);
• да го приложи трудот од докторската дисертација;
• потврда за познавање странски јазик;
• познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
• извод од матичната книга на родените;
• уверение за државјанство.

**Услови за соработничко звање:**

- диплома за звањето магистер на науки од научната област во која се избира;

- кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
- список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
- кратка биографија (CV);
- да го приложи магистерскиот труд;
- потврда за познавање странски јазик;
- познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство.

*****Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор во наставно-научни и соработнички звања, предвидени со членовите 166 и 170 од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**